TIKVEŠ

SINCE 1885

СООПШТЕНИЕ

*Потврда за квалитетот од „Le Mondial du Rosé 2016“*

# Розе вината на „Тиквеш“ најдобри во регионот

*Скопје, 09.05.2016* – На престижниот светски натпревар на розе вина „Le Mondial du Rosé 2016“, што се одржа во Кан, Франција, винарската визба „Тиквеш“ освои два сребрени медали за „Александрија куве“ и „Розе Класик“ од бербата 2015-та.

Во исклучително голема и остра конкуренција од над 1200 вина од целиот свет, тие се единствените наградени вина од Македонија. Од регионот, наградено е само уште едно вино од Бугарија.

*„Задоволни сме од овој најнов успех на нашите две викококвалитетни розе вина. Значењето на освоените медали на светскиот натпревар на розе вина е дотолку поголемо ако се знае дека најголемиот број наградени вина потекнуваат од најпознатите светски вински региони во Франција, Шпанија и Италија. Во светот на виното, вброувањето во тоа друштво е најдобрата можна препорака за квалитетот на нашите вина и е доказ дека* „Тиквеш“ располага со знаење и технологија кои и овозможуваат да произведе вина со светски квалитет*“*, вели генералниот директор на винарската визба „Тиквеш“, **Игор Илиевски**.

За дополнителни информации:

Винарска визба „Тиквеш“, тел. +389 2 3181 741

ImagePR, +389 (0)2 3290 486; office@imagepr.com.mk